ИНФОРМАЦИИ:

МАКЕДОНСКО ФАРМАЦЕВТСКО ДРУШТВО
Маршал Тито 13Б/8, 1000 Скопје
Пошт. фах 287
Тел./факс: 02 312 2023
www.mfd.org.mk
mfd_mpa@yahoo.com

Котизација........................................ 1000,00 ден.
Рок за пријавување и уплата ........ 30 ноември 2009 година
Корисник ........................................... Македонско фармацевтско друштво - Скопје
Жиро сметка .................................... 300000000960045
Депонент........................................... Комерцијална банка - Скопје

Учеството во Работилницата се бодира според Правилникот на Фармацевтската комора на Р Македонија.

**МАКЕДОНСКО ФАРМАЦЕВТСКО ДРУШТВО**
**СЕКЦИЈА ЗА ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА**

# РАБОТИЛНИЦА
## КОЗМЕТОЛОГИЈА

11 декември 2009
Дом на АРМ, Скопје

Постои време кога човек сака да тргне по нова патека во животот, да проба нови работи, да истражува нови можности и да се соочи со нови предизвици со цел да го подобри квалитетот на своето живеење.

Личниот изглед станува се повеќе индивидуализиран, а луѓето сакаат да живеат и да останат млади колку што е можно подолго, што резултира со зголемување на бројот на жени и мажи кои сакаат да останат атрактивни и здрави. Овој тренд се јавува не само кај помладата популација, туку и кај останатите возрасни групи. Помладите лица не сакаат да остарат, а повозрасните сакаат да изгледаат помлади.

Промените на кожата можат да предизвикаат не само физички, туку и психолошки трауми кај човекот. Реакциите на луѓето при кожни промени се многу различни, од изразена непријатност при детска егзема, болна срамежливост при тинејџерски акни до силно изразена желба кај средовечната популација за намалување на брчките на лицето или хиперпигментацијата.

Современата медицина, фармацевтската и козметичката индустрија настојуваат успешно да ги третираат овие појави. Во тој контекст, фармацевтите денес секојдневно се соочуваат со потребата од справување со различни состојби на кожата, но и со давање на совети поврзани со нега и заштита на здрава кожа. Затоа, неопходно е да бидеме информирани за современите трендови во козметологијата, истражувањата на полето на нови, поефикасни активни и помошни супстанции, нови техники на подготовка и нови, софистицирани облици на препарати, секако поткрепени со законската регулатива и барањата за обезбедување на квалитетни и безбедни козметички производи.

Во таа насока, секцијата за фармацевтска технологија ги продолжува активностите со работилницата од областа на козметологијата со темата фокусирана на дерматологија.

ПЕТОК, 11 декември 2009 година во 10:00 часот

**ФОКУС НА ДЕРМАТОЛОГИЈА**

ПРЕЛИМИНАРНА ПРОГРАМА

1. **Менаџмент во терапијата на Acnae Vulgares - современи аспекти**
   *Проф. д-р Нада Петрова*
   *Клиника за кожни и венерични болести, Медицински факултет,*
   *Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје*

2. **Конвенционална терапија и медицинска козметика при локален третман на акни**
   *Д-р Соња Петрушевска, Спец. дерматовенеролог*
   *Beiersdorf MK - Скопје*

3. **Најчести габични инфекции на кожа, коса и нокти**
   *Проф. д-р Љубица Павлова*
   *Клиника за кожни и венерични болести, Медицински факултет,*
   *Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје*

4. **Бактериски и вирусни инфекции на кожа**
   *Проф. д-р Маргарета Балабанова Стефанова*
   *Клиника за кожни и венерични болести, Медицински факултет,*
   *Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје*

5. **Екцематични и екцематоидни промени на кожа и кортикостероиди во терапија на иститe**
   *Проф. д-р Маргарета Балабанова Стефанова*
   *Клиника за кожни и венерични болести, Медицински факултет,*
   *Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје*

6. **Неправилна употреба на топични стероиди (кожна атрофија, хипертрихоза, фоликулитис, промени во пигментација, фунгални инфекции, влошување на акни, Rosaceae и системски несакани ефекти)**
   *Проф. д-р Нада Петрова*
   *Клиника за кожни и венерични болести, Медицински факултет,*
   *Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје*

*Конечниот распоред и термините на предавањата ќе бидат дополнително утврдени*